Врз основа на член 39 од Статутот на Општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ број број 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 6/19 и 29/19) Градоначалникот на Општина Струмица, објавува

**С О О П Ш Т Е Н И Е  З А  Ј А В Е Н  П О В И К**

Се организира повторена јавна анкета и јавна презентација на конечен предлог план на ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН за дел од Централно градско подрачје на делови од Блок 1 (УЕ1), Блок 30 (УЕ7) Блок 33 (УЕ4) и Блок 37/1 (УЕ5) во Струмица, со површина од 8,11ха.

Просторот на планскиот опфат е ограничен со осовините на следните сообраќајници: “Невена Стојкова”, “Моша Пијаде”, “Ванчо Китанов”, “Јане Сандански”, “Благој Јанков Мучето”, бул.“Ленинова”, “Сандо Масев”, “Ѓорче Петров”, “Герас Цунев”, “Јосиф Јосифовски Свештарот” и “Боро Џони”.

Одлуката за организирање на повторена јавната анкета и јавна презентација ќе биде објавена на огласната табла на Општина Струмица, во Секторот за урбанизам, комунални работии градежно земјиште, на ВЕБ страницата на Општина Струмица, во Службен гласник на Општина Струмица и во две јавни гласила.

Повторената јавна анкета ќе трае од 11.12.2023 година до 15.12.2023 година.

Повторената јавна презентација ќе се одржи во просториите на Секторот за урбанизам, комунални работии градежно земјиште, во Струмица, на ден 12.12.2023 година во 11:00 часот.

Во споменатиот рок, заинтересираните граѓани и правни лица можат да доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови.

Бр.03-10186/4
30.11.2023год.
С т р у м и ц а

Општина Струмица
Градоначалник
Костадин Костадинов